**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Третото продолжение на Триесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 декември 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,13 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господин Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Продолжуваме со работа по 33-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците:Арбен Џафери Мендух Тачи, Имер Селмани, Абедин Зумбери, Лилјана Поповска, Дарко Димитриевски, Владо Бучковски, Али Ахмети и Хисен Џемаили, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точката 14 - Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување по скратена постапка, второ и трето читање.**

Извештаите и дописот на Комисијата на труд и социјална политика, како матично работно тело и на Законодавно правната Комисија на Собранието на Република Македонија ви се доставени.

Комисијата за труд и социјална политика како матично работно тело и Законодавната правна Комисија не поднесоа дополнителен Предлог на Закон, бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнителен Предлог на Закон.

Ги повикувам претставниците на пратеничките групи доколку сакаат да го изнесат мислењето на пратеничката група по Предлогот на Законот да се пријават за збор.

Во име на пратеничката група на СДСМ е пријавена пратеничката Весна Бендевска.

Има збор г-ѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Дозволете сосема накратко и на почеток да си дозволам, нема да го изразувам ставот, ќе го изразувам несогласувањето на пратеничката група на СДСМ околу предложените измени и дополнувања на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, особено од она што значи начинот на кој повторно се врши рестрикција односно намалување на веќе востановени права на работниците во Република Македонија.

Проблемот е во тоа што само пратеничката група на СДСМ чуствува потреба да го изрази своето несогласување на начинот на кој по скратена постапка, во отсуство на Собраниска дебата говориме за нешто што се вели рестрикција, намалување на работничките права. За тоа дебатиравме и во петокот, околу измените на Законот за работни одоси, ова е рестрикција на работнички права во поглед на Законот за пензиско инвалидско осигурување. Затоа дозволете во присуство на заменикот министер за труд и социјална политика, кој иако не учествуваше во работата на Комисијата за труд и социјална политика, дозволете повторно да повторам дека причините за понудените вакви измени ги наведуваат претставниците на Владата во усогласување со веќе донесениот Закон за придонеси од задолжително социјално осигурување.

Почитувани колеги,

Долго дебатиравме дека Законто за придонеси од задолжително социјално осигурување односно воведување на новиот концепт бруто плата нема да значи зачувување на веќе востановени работнички права. Концептот на бруто плата долго говоревме дека не може да биде применлив од 1 јануари 2009 година, особено заради тоа што во Република Македонија не постои Закон кој ќе гарантира минимална односно најниска плата. Но, ова е политиката што ВМРО ДПМНЕ ја има и се однесува на вкупната област од трудовото право.

Затоа дозволете кога цитирам целина на начела на овие измени наведувате дека Предлогот на Закон за измена на Законот за пензиско и инвалидско осигурување сте го засновале врз начело на право на социјална сигурност и социјално осигурување, и сте навеле три збора за кои апсолутно не се согласуваме. Овој Закон, вакните измени што ќе значат намалување на пензиската основа на определени, дозволете да ги наречам социјално ранливи групи не може да го базирате врз принципите на хуманост, бидејќи тоа не е заемност и солидарност, апсолутно не.

Согласно мислењето и Предлогот на Владата за измена на овие закони, работниците кои користат надоместок на плати во случај на невработеност односно оние работници кои без своја вина како жртва на транзицијата која во Република Македонија за жал предолго трае, иако досега како основа за пресметување на пензиска основа му беше просечната плата, вие сега ја ставате да биде надоместокот што ќе го земаат, а во секој случај е понизок од она што се вели просечна плата. Удирате онаму каде што, иако го донесовте Законот за осигурување од невработеност, иако ветувате дека со тој Закон ќе бидат опфатени најмалку 6 илјади корисници на таков надоместо, сега дополнително им кратите по основ на пензиска основа. Тоа не е ниту хуманост, ниту правичност, ниту солидарност. Тоа е намалување на правото на работник, кој и онака без своја вина остана без работно место и пензиската основа по тој основ да му биде намалена.

Во втората понудена измена дозволете да се задржам, велите дека работниците кои ќе отсуствуваат од работа поради болест, значи ќе користат боледување или ќе бидат на породилно боледување наместо досегашната просечна плата која се земаше како просек за пензиска основа сега ја намалувате, ја спуштате на ниво на надоместок што ќе го користат за време на

боледувањето. Е, ајде почитувани колеги да говориме ова ли е популационата политика на Владата на ВМРО ДПМНЕ, која буквално не бомбардираше со свои камопањи за подигање на свеста и подобрување на популационата аполитика. Како беше, раѓајте, 2, 3, 4 деца, Владата на родителите ќе им обезбеди надоместок. Но, должни сте да го поведете и вториот дел од таа кампања на кои ќе соопштите дека од една страна родителите ќе го користат надоместокот, но од друга страна за време на боледувањето ќе им биде намалена пензиската основа. Така изгледа голиот популизам за кој одвојуваме многу буџетски пари, за Владините кампањи, ќе се види дека апсолутно не држат вода, нема основа. И ова не е ниту хуманост, ниту правичност, ниту солидарност.

Третата категорија на која и ја намалувате пензиската основа е на работниците што се на професионална рехабилитација. За нив досега за време на траењето на рехабилитацијата им се пресметуваше пензиска основа во висина на просечна плата сега ја доведувате на ниво на надоместок што ја користат за време на рехабилитацијата, а е многу పониска од просечната плата. И ова не е почитувани колеги ниту хуманост, ниту правичност, ниту солидарност.

Во Предлогот на Законот нудите рестрикција, намалување во она што веќе беше востановено право секој во текот на една календарска година да може по сопствено барање да земе неплатено отсуство до 30 дена, а за тоа да не трпи пензиската основа односно да не трипи пензискиот стаж. Сега тоа востановено право се брише.

Тоа значи, дека доколку некој работник има потреба за користење на неплатено отсуство ретко кој ќе се одлучи на тоа со оглед на тоа што на тоа неплатено отуство не семо што нема да му се исплаќа ни денар, туку ќе има прекин во својот работен стаж. За прекинот сите почитувани колеги знаете какви административни бариери и потешкотии секој работник може да има. Така, кога велите дека една цела низа закони ги усогласуваме по скратена постапка само од причина што веќе во сила од први јануари ќе биде Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување и јасно ни е дека во сите закони од обласа на трудовото право вие вршите рестрикција. Рестрикција на она што се вика востановени работнички права. Работниците веќе изгубија, работодавачот веќе нема никаква законска облигација да исплаќа хранарина и превоз и тоа мошне тивко помина низ овие Собраниски процедури со оглед на одредбите од новиот Деловник. Обидот да се замолкне опозицијата односно што помалку да се говори за помал број граѓани ги разберат последиците од ваквото донесување на закон и по скратена постапка ќе трае се до средината на идниот месец. Од први јануари при исплатата на платите секој ќе се соочи со она што значи законска рестрикција на неговите права и во однос на хранарината и во однос на трошоците за превоз до и од работно место, но и она што значеше пензиска основа за пресметување на висината на пензијата. Така да пропаѓаат и она што вие како популизам го промовиравте, подигање на пензиите, што верувам дека секој од вас знае дека пензиите согласно закон требаше да се усогласуваат согласно порастот на животните трошоци. Вие не усотгласувавте, вие во очи на извор промовиравте подигање на пензиите за кои изнајдовте начин во овој момент на работниците кои одат на работа за да си го заслужат својот пензиски стаж и да си ја определат својата пензиска основа сега удирате на висината на таа пензиска основа.

СДСМ нема да поддржи ниту еден закон од областа на трудовото право што значи намалување на веќе востановени, практикувани работнички права. Благодарам.а

**Трајко Вељановски:** Благодарам

Бидејќи не е поднесен дополнителен Предлог на Закон на кој може да се поднесуваат амандмани на седницата на Собранието преминуваме на одлучување по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гасање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 71 пратеник.

Од нив за Предлогот на законот гласаа 57 пратеници, од гласањето не се воздржа никој и против гласаа 14 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

**Минуваме на точката 15.** Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност, дополнет Предлог, второ и трето читање.

Дополнителниот Предлог на Комисијата за труд и социјална политика и Законодавната правна Комисија на Собранието на Република Македонија ви е доставен.

Ги повикувам претставниците на пратеничките групи доколку сакаат да го изнесат мислењето на пратеничката група по Предлогот на Законот да се пријават за збор.

Бидејќи не се поднесени амандмани за Седницата на Собранието преминуваме на одлучување по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 76 пратеници.

Од нив за Предлогот на законот гласаа 63 пратеници, воздржани 13 пратеници и против нема ниеден пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

**Минуваме на точката 16**. Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидните лица по скратена постапка, второ и трето читање.

Извештаите на Комисијата за труд и социјална политика како матично работно тело и на Законодавната правна Комисија на Собранието на Република Македонија ви се доставени.

Комисијата за труд и социјална политика како матично тело и Законодавно правната комисија не поднеса дополнителен Предлог на Закон, бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнителен Предлог на Закон.

Ги повикувам претставниците на пратеничките групи доколку сакаат да го изнесат мислењето на пратеничката група по Предлогот на Законот да се пријават за збор.

Во име на пратеничката група на СДСМ е пријавена пратеничката Весна Бендевска.

Има збор г-ѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

И овој Закон, Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидни лица ја покажува буквално хипокризијата од страна на Владата на Република Македонија и она што значи работен материјал што во собраниска процедура ни го доставивте вие г-дине претседател.

Тука се вели дека овие Предлог измени се нужни заради усогласување со одредбите на Законот за задолжително социјално осигурување што го донесовме на почетокот на 2008 година.

Да ве потсетам почитувани колеги кога д-динот Славески елаборираше за измените промовирајќи го својот нов бруто концепт за пресметка и исплата на плати кажа дека од овој момент од први јануари 2009 година секој од нас треба да заборави на она што се вели нето плата. Промовирајќи го како подобар, потранспарентен, поуспешен концепт, нов концепт за исплата на плата г-дино Славески во членот 4 ни понуди нов поимник во овој Закон како матичен закон во сферата на трудовото право што се однесува до сферата на пресметка и исплата на плати преку интегриран начин за исплата на придонеси. Во овој поимник точка 5 вели плата, ниту нето, ниту бруто, туку плата е плата утврдена согласно Закон, колективен договор и договор за вработување, ништо повеќе.

Дозволете кога е веќе така и ако веќе усогласуваме Закон за вработување на инвалидни лица а ни нудите повторно термин просечно нето плата, тоа за нас ништо друго туку изигрување односно употреба или злоупотреба на термини во оној момент кога ќе имате буквално потреба од тоа.

Во Законот за вработување на инвалидни лица сте почуствувале потреба од определен број на членови да го додадете терминот нето, она што Славески како претставник од ВМРО ДПМНЕ не убедуваше дека мораме да го исфрлиме од употреба зборчето нето.

Сега претпоставувам дека почитуваниот министер за труд и социјална политика и дека како претставник на ДУИ неусогласен со својот колега од ДПМНЕ повторно го враќа на сцена терминот нето. И заради тоа апсолутно сакам да кажам дека, бидејќи ништо концепциски не се менува, а тоа е оној пакет закони зас кои  по скратена постапка, нели, се обидувате на трчање да ги измениме, нашиот став е апсолутно неутрален.

Почитувани колеги,

Вие сте во коалиција, вие сте на власт, повелете преземете си ја одговорноста од ваквото на врат на нос менување на законски одредби. Последиците што ќе ги почувствува секој граѓанин, над 400 илјади вработени во Република Македонија, како резултат на ново промовираниот концепт на исплата на бруто плата во отсуство на дефинирана најниска плата, ќе ги почувствува секој од нас и препоставувам дека реакцијата од страна на јавноста ќе биде доволен мотив за повторно за многу кратко време да влеземе со потреба од изменување на сите овие закони од сферата  на трудовото право. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Реплика има господинот Китаноски Илија, повелете.

**Илија Китаноски:** Колешке Бендевска,

На истава тема разговаравме и на седницата на Комисијата за труд и социјална политика и образложението и на министерот и на присутните претставници од Министерсво за труд и социјална политика беше многу јасно.

Јас само ќе прочитам дека измените на овој закон се однесуваат само на еден член и се однесуваат буквално само на еден збор во тој член, а тоа е наместо “плати” се употребуваат зборовите “просечни нето плати исплатени во Република Македонија за претходната година пред поднесување на барањето”. Тоа е за шест од ставовите кои што се менуваат и со овој закон апсолутно нема никакви негативни  последици по никого. Апсолутно никакви. Бидејќи се употребува термин кој што е статистичка катагорија, нето плати, за да може воопшто технички да се изведе и да се пресметаат просечните плати во минатата година, односно врз основа на кои што се утврдува надоместок што ги регулира од членот 16-а. Значи, се работи само за промена на терминот кој што е статистичка категорија иако поимот нето плати генерално не се употребува во новните законски решенија како статистичка категорија, мора да остане заради тоа што таа статистичка категорија мора да остане основа врз основа на која се утврдуваат правата за надоместоци на многу катагории граѓани кои што еден дел од нив се регулирани во овој член.

И на другите слични закони од оваа сфера имавте забелешки,  меѓутоа сметам дека апсолутно не стојат затоа што суштински навистина ништо не се менува, а терминот плата, како статистичка

категорија, мора да остане за да има можност технички да се пресмета надоместокот на одредени категории на граѓани на кои што им следува по новој закон и по некои други закони кои што се од оваа сфера. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика госпоѓа Бендевска Весна, повелете.

**Весна Бендевска:** Иако колегата Китаноски се обидуваше да спротивставиме аргументи во дебатата, го потврди она што јас го кажав како став**.** Ако новиот начин на исплата на плати, што произлегува од новиот закон за придоенси од задолжително социјално осигурување забранува разлика помеѓу нето и бруто плати, односно господиниот Славески не убедуваше дека веќе нема да оперираме со терминот нето плата, вие сега самите потврдивте она што беше наш став на почетокот на ноември.

Република Македонија не е подготвена од први јануари да премине на концептот бруто плата. Нити сме подготвени технички, ниту се правени доволни симулации за да знаеме што ќе се случува при исплатата на јануарската пензија. Ако веќе ме убедувате дека усогласувањето значи враќање на стар термин, што е забранет во Законот што е земен како основа за усогласување, јасно е дека немате концепт.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи не е поднесен дополнет предлог на закон на кој што може да се поднесуваат амандмани за седницата на Собранието, преминуваме на одлучување по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 74 пратеници, од нив за Предлогот на законот гласаа 62 пратеници, 12 пратеници гласаа воздржано, против немаше никој.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за вработување на инвалидните лица.

**Минуваме на точката 17 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за волонтерство, скратена постапка - второ и трето читање**

Извештаите и дописот на Комисијата за труд и социјална политика како матично работно тело и Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија ви се доставени.

Комисијата за труд и социјална политика како матично работно тело и Законодавно-правната комисија не поденсоа дополнет предлог на закон, бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнет предлог на закон.

Ги повикувам претставниците на пратеничките групи доколку сакаат да го изнесат мислењето на пратеничката група по Предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

За збор во име на пратеничката група на СДСМ се јави господинот Диневски Менде.

Има збор гопсодинот Диневски Менде, повелете.

**Менде Диневски**: Благодарам претседателе.

Почитувани колеги,

Ставот на СДС по одонос на измените и дополнувањата на Законот за волонтерство се дека истиот ќе биде подржан, бидејќи се доведува до подобрување на содржината на самиот текст. Дозволете со неколку реченици да дадам осврт по однос на Законот за волонтерство.

Волонтерството претставува една активност од интерес за Република Македонија што придоенсува за подобрување на квалитетот на животот со активно вклучување на луѓето во општествениот живот, вклучително како и за развојот на хуманото и рамноправно демократско општество. Овој закон за волонтерство беше донесен во јули 2007 година, после една широка дебата и јавна расправа на која учествуваа експерти, министерства и граѓанкси организации.

Република Македонија, после Хрватска беше земја што го донесе овој закон, пред Романија и Бугарија. По донесувањето на Законот, МКЦ од Битола, како Национален волонтерски центар во креирањето на Законот, во целиот процес и при тоа беа користени еврпоските искуства.

Во измените што денеска ги имаме, имаме подобрување на текстот по однос на тоа да волонтерите можат да волонтираат и во единиците на локалната самоуправа, вклучително и градот Скопје, што го немаше во претходниот текст и што мислам дека беше една од фалинките, што е за поздравување и почитување и, согласни измените што ви изминатиот период се донесени, а тоа е согласно нето платата, од сега па натаму надоместокот за трошоците за храна и превоз до и од местото на волонтирање се исплатуваат најмногу до висина од 15% од просечната месечна плата во Република Македонија, а трошоците за службените патувања и трошоците за обука се исплатуваат во иста висина како за вработените што се како организатор на волонтерската работа.

Но, она што посебно сакам да нагласам, а што навистина сакам денеска малку да проговорам, тоа е на некој начин да посочам дека токму и Законот за волонтерство, односно злоупотребата на волонтерството од страна на ВМРО ДПМНЕ е во институциите , таму каде што може да се направи, оди до таму да и на овие места навистина се прават списоци во партиските простории на ВМРО ДПМНЕ за да и волонтерите кои ќе бидат во одредени институции, да можат истите да волонтираат.

Навистина има голем број примери, реакции од страна на волонтери кои, како што кажав, волотерството претставува активност од интерес за Република Македонија и што во европските земји е многу прифатено, да на ваков начин се злоупотребува истиот закон. но, очигледно притискот е толку голем што големиот број

ветувања што се дадени во изборната камапања, вклучително изборната кампања што ќе следи, на овој начин дел од младите луѓе сакаат да ги згрижат со тоа што ќе им дадат шанса преку волонтерството да можат да обезбедат барем 3 илјади денари финансиски средства што се даваат за хранарина и за пат.

Нешто слично за ова говорев и по Законот за јавна чистота каде што до толку се одеше во тој степен, што и вклучително за редарите министерот за транспорт и врски ја превземаше наделжноста да ја утврди бојата на нивната униформа и како тие ќе изгледаат. Навистина, во локалната самоуправа, со процесто на децентрализација, со процесот на формирањето на голем број претпријатија во оние општини што поминаа од првата во втората фаза на децентрализација, потребата од волонтери е особено голема.

Но навистина треба да обрнеме посебно внимание и овие луѓе да ги заштитиме и да не ги доведуваме во ситуација преку волонтерството се доведат во таа позиција да се ветува дека еве сега ќе бидите волонтери и со тек на време кога ќе се создадат услови, само за да се смали притисокот, само за да се смалат притисоците кои ги имаат во својата партија и да се ветува дека истите после изборите ќе дојдат на вработување. Се надевам дека ваквата пракса ќе се исклучи, се надевам дека ВМРО ДПМНЕ навистина ќе го сфати процесот на волонтирање онака као што е донесен согласно Законот и навистина овој закон доследно ќе почне да се применува во Република Македонија.

Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Реплика има господинот Китаноски Илија, повелете.

**Илија Китановски**: Благодарам господине претседателе.

Освен ставот дека го подржува Законот, господинот Диневски кажа некои работи што се однесуваат на неговата партија, бидејќи лидерот на СДСМ јавно на трибина истакна дека над 1.100 членови вработил, а со овој закон, ако продолжи со оваа пракса СДСМ, ќе може и волонтери да вработува, така да е веројтано во интерес. Инаку за Законот многу малку кажа, мислам воопшто не кажа некоја критика или дека не се подржува само ја искористи можноста да кажува невистини што за ВМРО ДПМНЕ или за институциите каде што кадри на ВМРО ДПМНЕ раководат, што апсолитно не е точно, единствено е точно што претходно самиот лидер на СДСМ го кажа дека над 1.100 луѓе активисти, членови на СДСМ, исклучиво по партиска припадност ги примил на работа. Веројатно сега и по овој закон ќе може исто толку и волонтери да прими на работа. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Контра реплика Диневски Менде, повелете.

**Менде Диневски**: Очигледно господинот Китаноски се препозна во мојата дискусија, па чувствува потреба да реагира, бидејќи дефинитвно општинскиот комитет на ВМРО ДПМНЕ од Кичево е еден од комитетите кој предничи во оваа сфера.

Само за потсетување. Дали знаете колкава е сумата на финансиски средства што се издвоени во Буџетот на Република Македонија токму за оваа намена? И навистина несериозно е при подршка на Законот, за кој кажав дека е навистина добро што во изминатиот период локалната самоуправа не беше вклучена во процесот, се дава можност да се вклучи, да говорите дека некој друг, а вие ја имате и централната власт и вие ја имате и локалната власт, да некој друг се обидува да злоупотребува. Како ќе го злоупотребуваше господинот Заев, кога до сега локалната самоуправа таа ингеренција ја немаше. благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи не е поднесен дополнет предлог на закон на кој што може да се поднесуваат амандмани за седницата на Собранието, преминуваме на одлучување по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 75 пратеници, од нив за Предлогот на законот гласаа сите 75 пратеници, нема воздржано, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за волонтерство.

**Минуваме на точката 18 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија по скратена постапка - второ и трето читање**

Извештаите и дописот на Комисијата за труд и социјална политика, како матично работно тело и Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија ви се доставени.

Комисијата за труд и социјална политика, како матично работно тело и Законодавно-правната комисија не поднесоа дополнет предлог на закон, бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнет предлог на закон.

Ги повикувам претставниците на пратеничките групи доколку сакаат да го изнесат мислењето на пратеничката група по Предлогот на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

Во името на пратеничката група на СДСМ пријавен е господинот Макрадули Јани, повелете.

**Јани Макрадули**: Почитуван претседателе, колешки и колеги пратеници.

Претставникот од Владата ќе затвори телефон можеби ќе му се обратам и нему.

Најпрво, дозволете до вас претседателе да упатам 2 прашања.

Прво, како е можно за овој закон да нема потребни средства од буџетот на Република

Македонија за спрведување на овој закон, имајќи го во предвид тврдењето на министерот за здравство дека бруто платата ќе го скрати здравствениот фонд за 326 милиони евра, сукцесивно во следните три години.

Значи, по сите укажувања и на министерот за финансии и на министерто за труд и социјална политика и министерот за здравство ќе има сериозна дупка во буџетот заради примената на бруто платата. Како е можно да овој закон помине без да ни се каже од каде ќе се обезбедат тие средства.

И второ прашање, бидејќи е тоа обврска од законот, кога планирате како работодавец да склучиме договори со вас за исплата на бруто платата за следната година, бидејќи тоа го пишува, дека секој работодавец треба да добие дозвола од работниците да ги плаќате придонесите за него.

Одиме понатаму. Пратеничката група на СДСМ ќе гласа против овој закон. Јас ќе образложам зошто ќе гласа против.

Секогаш овие закони се дволични, што зборувам две ипол, три години за предлозите од Владата на ВМРО ДПМНЕ и тоа под закрила на еден концепт се уфрлуваат други работи кои што не можеме да ги подржиме како пратеничка група.

Концептот на бруто плати и интегрираната наплата на придонесите е концепт што е во 2006 година, уште од Владата на СДСМ, утврден од Светската банка како проект. Но, за жал денеска имаме едно решение што во овој момент не можеме да го прифатиме и тоа од следните причини:

Прво, Владата предлага закон, ова е типичен пример уште еден дека Владата не го почитува Законот за задолжително социјално осигурување, бидејќи тука е дефинирано точно што значи плата. Во точката 5 и во точката 15 дефинирана е плата, утврдена со закон и никаде го нема зборот “нето”.

Затоа од необјасниви причини Владата со член 3 ја намалува платата на работниците од 65% на 50% од просечната исплатена плата во Република Македонија. На тој начин многу работници од 1 јануари 2009 година ќе добиваат помала плата.

Второ, заради брзање во концептот и заради мешање на поимите во членот 3 дефинирано е добивањето на бруто платата во однос на платата од декември. Сметаме и затоа имавме и амандман ние дадено дека не сум сигурен дека заради економската и светската криза платата во декември е онаа најдобрата плата што ја добиле работниците во 2008 година. Се плашам дека многу работодавачи декемвриската плата ќе ја исплатат помала за да потоа кога ќе сакаат да ја исплатат јануарската плата ќе тргнат од помал износ.

Трето, зошто гласаме против, е тоа што во Законот за работни односи Владата одлучи да го поништи колективниот договор иако е тоа со закон и со Устав категорија која постои и наместо исплатата на храна изнесува од 20 до 25% од просечната нето плата, или од просечната исплатена плата ја промени во 0%, што значи дека работодавачите сега можат да организираат храна која ќе чини 0% од просечната плата. И на тој начин работниците ќе бидат оставени на цедило кога ќе треба да го исполнуваат работниот век.

Четврто, зошто ќе гласаме против, е не заради тоа оваа реклама што е глупава и што кажува дека одат во облаци и дека за 400 илјади нешто прави Владата. Тоа е најдобар доказ дека Владата е во облаци, туку затоа што со овој концепт се плашиме дека ќе се случат две работи. Прво, ќе се намали, тоа го тврди министерот за финансии, на 240 илјади луѓе платата во месец јануари. И второ, она што е полошо, на таканаречените олигарси за кои што трите млади колеги од првиот ред упорно дофрлуваат кога зборува некој друг од СДСМ, им овозмоужуваат енормно покачување на платата на таканаречените олигарси. Или да го кажам тоа со бројки, тие што во декември 2008 година добиле нето плата од 10 илјади денари, ако сега храната му ја обезбдува за нула денари работодавецот ќе имаат помала плата за 1.453 денари или оној што има плата од 12 илјади денари нето, ќе има плата помала за 1.571 денар. Додека пак омилените олигарски на првиот ред од ВМРО-ДПМНЕ замислете за 120 илјади денари, а такви има многу, менаџерите во Телеком, компаниите во енергетскиот сектор, или вашите омилени олигарси ќе добиваат ни помалку ни повеќе, туку 27.381 денар и повеќе плата. Зошто? Затоа што ова парламентарното мнозинство одлучи да ја послуша Владата да воведе единствена земја во светот максимална основица за пресметка на придонесите, односно секој што добива плата повеќе од 60 илјади денари тука сме три, четворица во Собранието и ние привилегирани, нема да плаќаме придонеси за се што е над 60 илјади денари. Значи, Владата се решава да ги части олигарсите, тие што добиваат 100 илјади денари плата, за да добиваат многу поголема плата, а работниците да добиваат помала плата. Затоа не можеме да го прифатиме овој концепт кој што во услови на голема финансиска и економска криза нема да го постигне посакуваниот ефект Владата го има Буџетот и не не послуша и не го промени, го остави ист каде што предвидува зголемување на приходот од персонален данок на доход за околу 14%. А очекувањето е да се зголеми за 4% вработеноста во Република Македонија. Само во овој момент, значи околу 5 илјади луѓе се надвор од работа. Најавите за од 1 јануари ги слушаме, 416 во Бучим, и во други места. Овој систем ќе пукне и не ќе може да издржи. Џабе ни е што ќе имаме ребаланс кога тој ќе има несогледливи тешки последици врз буџетската политика во Република Македонија. Затоа ќе гласаме против. Прво, да се обидеме да испровоцираме барем некој друг освен СДСМ да се изјаснува за законите во Република Македонија. Дали некој друг ги чита законите, видовме нејќни, освен ЛДП и СДСМ

никој друг сеуште не се изјаснил за овие 20 пакет закони. А потоа кога работниците ќе добијат помала плата, како што ќе рече министерот за финансии: јас немам врска со патриотските каси, тие таму пратениците го гласале. И наместо прво што треба да направат пратениците на ВМРО-ДПМНЕ да не подржат во интерпелацијата за министерот Славески, затоа што од 63 пратеници на ВМРО-ДПМНЕ прави, не сакам да кажам што. Се додека ги гласме законите така слепо без воопшто да направиме ниедна анализа, се до тогаш министрите ќе прават, исто не кажувам што, од пратениците на ВМРО-ДПМНЕ и обвинувајќи ги дека тие се криви за патриотските каси. Истото во април месец ќе се случи и со овој закон. Не може Буџетот да се наполни со 4% повеќе вработувања во првите три месеци. Не може, бидејќи тоа нема да се случи. Тенденциите одат во друг правец. Нема логика да ги частиме, односно Владата да ги части олигарсите, всушност има логика, бидејќи тој е типичен пример за десно ориентирана политика. Ова е еден од првите чекори типични десно ориентирани што ги прави оваа Влада, дека тие што имаат многу пари треба да плаќаат помалку во државата, за разлика од концептот што СДСМ го нуди, а тоа е прогресивната даночна стапка. Во такви услови нема да можеме да дадеме подршка на закон кој што ќе ги намали платите на работниците во Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Бидејќи не е поднесен дополнет Предлог на закон на кој може да се поднесуваат амандмани за седницата на Собранието, преминуваме на одлучување по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 80 пратеници, од нив за Предлогот на законот гласаа 66 пратеници, воздржани нема, против 14 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за исплата на платите во Република Македонија.

**Минуваме на точка 19 - Предлог на закон за изменување на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката, по скратена постапка - второ и трето читање**

Извештаите и дописот на Комисијата за труд и социјална политика како матично работно тело и на Законодавно-правна комисија на Собранието на Република Македонија ви се доставени.

Комисијата за труд и социјална политика како матично работно тело и Законодавно-правна комисија не поднесоа дополнет Предлог на закон, бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнет предлог на закон.

Ги повикувам претставниците на пратеничките групи доколку сакаат да го изнесат мислењето на пратеничката група по Предлогот на законот, да се пријават за збор.

За збор се јави господинот Андреј Петров во име на пратеничката група на СДСМ.

Има збор господинот Андреј Петров.

**Андреј Петров:** Благодарам претседателе.

Сакам да го искажам ставот на пратеничката група на СДСМ и да образложам зошто ние ќе гласаме против овој Предлог закон. Наш став е дека во услови на економска криза која е глобална, зголемувањето на надоместоците на советниците во градот Скопје и општините на градот Скопје е нешто што не би требало да се направи. При тоа сакам да истакнам дека тоа е спротивно на искуствата во европските земји особено каде што местото член на Советот обично е волонтерско и на тој начин се избираат авторитетните, угледните луѓе од градовите кои сакаат нешто да направат за својот град. Вака со зголемувањето на надоместоците од 10.209 денари на 12.251 денар месечно не само што не се води сметка помалку да се троши во услови на оваа криза, туку исто така се оди спротивно на она што се искуства во локалната самоуправа и во децентрализацијата во Европа и во светот. Најголем дел од градовите кои функционираат и локалните самоуправи и во Европа и во САД местото член на Советот е таму каде што ги има, каде што е таков концепт на локална самоуправа е место кое се смета за исклучителна чест, место кое се обавува волонтерски и каде што афирмирани луѓе, значи бизнисмени, инжинери, лекари, други луѓе се јавуваат за да направат нешто за својот град. Вака сметаме дека неоправдано на некој начин се врши и дискриминација помеѓу општините, локалните самоуправи во Македонија на тој начин што единствено ваков ексклузивитет се воведува за градот Скопје и општините во градот Скопје што сметаме дека не е исправно. Од тие причини ова зголемување од 70 на 84% од просечната плата неоправдано ќе го оптовари Буџетот на општините. Уште повеќе изненадувачки е ако се земе предвид дека таквото решение беше консензуално договорено помеѓу министерот за финансии и ЗЕЛС во тој период и само после 6 месеци да се оди на ваква корекција, а решението кое беше направено, беше направено со цел да се овозможи на општините да функционираат со што помали притисоци од членовите на Советот врз менанџментот во општината и да не биде тоа растегнувано во недоглед без никаков лимит во зависност од личното пронаоѓање на секоја локална самоуправа. На тој начин добрата одредба која заеднички ја направивме со Министерството за финансии и со Владата, со оваа корекција само се поништува. Од тие причини пратеничката група на СДСМ ќе гласа против ова законско решение.

**Трајко Вељаноски:** Бидејќи не е поднесен дополнет Предлог на закон на кој може да се поднесуваат амандмани за седницата на

Собранието, преминуваме на одлучување по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 73 пратеници, од нив за Предлогот на законот гласаа 62 пратеници, воздржани нема, против 11 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката.

**Минуваме на точка 20 - Предлог на закон за изменување на Законот за пратениците, по скратена постапка - второ и трето читање**

Извештаите и дописот на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците како матично работно тело и на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија ви се доставени.

Комисијата за политички систем и односи меѓу заениците како матично работно тело и Законодавно-правната комисија не поднесоа дополнет Предлог на закон, бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнет предлог на закон.

Ги повикувам претставниците на пратеничките групи доколку сакаат да го изнесат мислењето на пратеничката група по Предлогот на законот, да се пријават за збор.

За збор во име на пратеничката група на СДСМ се јави господинот Јани Макрадули.

Има збор господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Законот за пратеници што е даден е уште еден пример за конфузноста и носењето на овие 20-тина закони набрзина кога во саботата вечер беа донесени во Собранието и ќе се обидам да го илустрирам тоа. Ако го читаме прво, повторно да кажам оцена на финансиските последици од Предлогот на законот врз Буџетот пишува дека за спроведување на овој закон. Тоа прво се однесува на точка 4, на оцена на финансиските последици кога станува збор за намалување на серија по три основи на некои надоместоци што ги добиваат некои пратеници, мислам дека е повеќе од очигледно дека не можело да ги помине филтрите на Комитетот кој оценува на Комисијата и работаната група која оценува дали овој Закон е во согласност со Деловникот на Собранието. Тоа е една работа.

Втор пример за конфузноста на носење на овој закон е различното образложение од она што е имплементирано во Законот кој ни се предлага.

Имено, во образложението пишува, со оглед дека процентот ќе се пресметува на бруто платата потребно е негово намалување. Ако го погледнеме што пишува во членовите, никаде не вика дека намалувањето на процентот се однесува на процентот од брутото, туку напротив од 8 процентот се намалува на 4. И продолжувам да ја читам реченицата: од просечната плата по работник исплатена во стопанството.

Трето, конфузноста да биде поголема, ако ја погледнеме алинеја или точна 10, алинеја 10 вели: надоместокот за одвоен живот од семејството од 40 се намалува на 30, тоа за парламентарното мнозинство не е проблем, од просечната месечно нето плата. Значи, не пишува од просечната бруто плата, туку читам што пишува. Бидејќи не го имате прочитано, да ви прочитам, за вас е полошо. Значи, надоместокот за одвоен живот од семејството од 40 се намалува на 30% од просечната месечно нето плата. Ја читам следната алинеја. Отпремнината при заминување во пензија во износ од три, се намалува на две просечни месечни плати. Прво, значи имаме различна терминологија, едното е нето, едната е просечна плата, другата е просечна месечна плата. Значи, во три алинеи, три различни дефиниции. Она што е заедничко во сите три, се на штета, во овој случај, пратениците во Собранието на Република Македонија. Зошто, тоа си го знае Владата и парламентарното мнозинство.

Но како е можно да се прифати, бидејки на комисиите се прифати, закон за кој во образложението пишува едно, а во примената оди на друго, вели дека нема да има финансиски последици а повеќе се од очигледни бидјеки сите што се надвор од Скопје ќе добиваат помалку пари и затоа се јавувам во одбрана на пратениците што се надвор од Скопје за да не ги обвинат нив и видовте вчера на Телевизија презедов таа одбрана - оди на намалување на три условно кажано алинеи кои се однесуваат на пратениците, со намалување на средства, викаат дека нема во Буџетот, а сите три дефиниции се различни. Не за џабе. Прво не за џабе велам, претседателе, сериозен сум, вие треба да потпишете договор со сите нас. Можеби некој работник, односно пратеник не ќе сака вие да му ги плаќате придонесите или ќе сака да види за каков договор за бруто плата станува збор. Мислам дека оваа работа е сериозна, 1 јануари е за 5 дена.

Втора работа: не за џабе го дефинирале концептот за интегрирана наплата на придонесите за да дефинираат што е плата. И сега за Министерството за труд и социјална политика има една имплементација, односно една конструкција на реченица или употреба на зборови, во Министерството за правда втора, во Министерството за финансии трета.

Трајко Славески, додека е минситер за финансии, додека не падне на интерпелацијата, вели дека концептот забранува и тој апелира да не се користи зборот “нето плата”, зборуваше и колешката Бендевска за тоа. Значи вели дека тој збор не треба да го употребуваме, за да не го злоупотребуваат работодавачите за законите каде што ќе пишува “нето”, а каде што ќе пишува само “плата” и да си го толкуваат така како што сакаат. Јас верувам дека нашиот работодавач ќе

го оцени онака како што треба, но гледам дека во самата Влада има конфузија, а да не зборуваме како тоа ќе се имплементира за 8 дена од сега. Со балонон што оди во облаци, за 400 илјади евра? Некое дете подобро ќе ви го направеше за 350 илјади евра, бољи спот ќе ви направеше за 390 илјади, ќе заштедевте 10 илајди.

Прво, протестирам за потценувачкиот однос на Владата кон Собранието затоа штопрезема мерки кои се однесуваат на пратениците без минимум да добиеме една консултација и едно известување зошто се прави. Протестирам затоа што овој закон поминал на работна група, а не ги исполнува условите. Очигледно кога се намалуваат процентите за разни активности на пратениците, ќе има помалку пари во Буџетот и тоа треба да се каже, тој вишок ќе оди некаде, треба да знаеме каде оди. Не може да не терате да предлагаме амандмани од ставка со две подвлечени, таму се некои строги мерки, а овде гледаме закон што е контра образложението, контра законите што ги предлага Министерството за финансии, да помине низ процедура.

Затоа барам заменикот министер за правда да ми објасни зошто алинеите 6, 10 и 11 имаат различни зборови, во едната се користи зборот "просечна плата", во другата "просечна месечна плата" и "просечна месечна нето плата", а во третата е "просечна месечна плата". Како сега треба да се изјаснат пратениците што не го прочитале законот, како да се изјаснат? Само врз мислењето на Владата и после да додје Трајко Славески да рече за патриотските каси врска немам, за тоа се собрале пратениците, се собрала една група таму, гласале 5,5 милиони евра да земе ВМРО-ДПМНЕ.

Затоа почитуван заменик министер за правда очекуваме дополнително објаснување, а она што го очекувам од пратениците, за овој краток период да го прочитаат и да гласаат против овој закон. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејки не е поднесен дополнет Предлог на закон на кој може да се поднесуваат амандмани за седницата на Собранието, преминуваме на изјаснување по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 70 пратеници. Од нив за Предлогот на законот гласаа 53 пратеници, 2 пратеници гласаа воздржано, 15 пратеници гласаа против.

Констатирам дека Собранието го доенсе Законот за изменување на Законот за пратениците.

**Минуваме на точката 21 - Предлог на закон за изменување на Законто за платите на судиите по скратена псотапка (второ и трето читање).**

Извештаите на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците како матично работно тело и Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија ви се доставени.

Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците како матично работно тело и Законодавно-правната комисија не поднесоа дополнет Предлог на закон, бидјеки на нивните седници не беа усвоени амандмани, што е услов за изготвување на дополнет предлог на закон.

Ги повикувам претставниците на пратеничките групи, до колку сакаат да го изнесат мислењето на пратеничката група по Предлогот на законот, да се пријават за збор.

Во името на пратеничката група на СДСМ за збор е приајвен господинот Бучковски Владо.

Има збор господинот Бучковски Владо, повелете.

**Владо Бучковски:** Благодарам претседателе.

Најпрво да изразам благодарност до заменик минситерот за правда што ја пренесе мојата дискусија од Комисијата за политички систем, која беше упатена до гробарот на македонското судство, а тоа е вашиот шеф, министерот за правда.

Мојата дискусија одеше во правец дека после се она што се случува во Република Македонија што јас го искусив на своја кожа, станува апсурдно барањето да говориме за плати на судиите, бидејки знаеме како функционира македонското судство. Во прилог на таа моја, во тој момент можеби апсурдна дискусија, во меѓувреме го имаме пресот што го држи ВМРО-ДПМНЕ каде што директно ги обвинува судиите на Уставниот суд, во прилог на моето апсурдно тврдење дека немаме судство, немаме независно судство, оди во правец одбраната на колегата Николоски при интерпелацијата, каде што спомена дека колегата Хисен Џемаили всушност го гони опозицијата преку некој близок судија, а не го гони судот заради тоа што се сомевна дека сторил кривично дело за кое се одговара согласно делот од Кривичниот законик за злосторства против човечштвото.

Во една таква апсурдна ситуација, почитуван заменик министер за правда, генерално, како капак на се, доаѓа неиспровоцирано кажување на еден судија во Основниот суд во Велес, кој тврди дека некој од двајцата пратеници - двајца се, да го кажам името на едниот или другиот шансите се да згрешам 50% спрема 50% - дека еден од велешките пратеници, со подршка на еден моќник од полицијата, замислете, украл предмет од истражен судија и го однел во Судскиот совет, за да се забошоти вмешаноста на двајца осомничени во убиство.

Сега го поставувам овде прашањето и пред вас и пред македонската јавност, ако до таму имаат моќ двајца пратеници од Велес со подршка на еден полициски моќник да заштитат некој што е потенцијален убиец, што всушност се случува во Република Македонија. И повторно прашувам кој го уби независното македонско судство? Гробарот знаеме кој е, тоа е вашиот шеф, министерот за правда, но што реално може Република Македонија сега да стори да се променат работите. Единствено што може да стори е да ги охрабри сите оние кои низ ходниците мене и

другите, гледам, кои се дел од ова сценарио за елиминирање на политичките противници, не тапшаат по рамена и велат ќе помине ова, ќе помине Уриетот, ќе дојде време кога ќе проговориме за сите овие притисоци.

Почитувани судии, ако сакате да ја добиете подршката за ваши поголеми плати, за ваш подобар статус, тоа што го говорите низ ходниците треба да соберете храброст и да и го соопштите на македонската јавност. Само така ќе залужите да бидете дел од третата власт на оваа држава, која според сите европски стандарди била и во едно време што ќе дојде повторно ќе биде независно. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господинот Трајанов Павле, повелете.

**Павле Трајанов:** Почитуван претседател, почитувани пратеници,

Господинот Владо Бучковски покрена едно нависитна многу интересно и доста чувствително прашање околу јавниот настап на истражниот судија во Велес. Независно од тоа кои се неговите мотиви и побуди, со оглед на тоа што во целито случај е вмешан и Републичкиот судски совет, согласно Уставот и законите, мислам дека треба овој Парламент да биде информиран за што се работи, затоа што Репбуличкиот судски совет својот извештај за работата го доставува до Парламентот и Парламентот расправа и одлучува по истиот, односно го усвојува или не. Мислам дека долго треба да чекаме па да го гледаме следниот извештај, кога можеме за еден ваков многу интересен случај да бидеме информирани, особено што имаше различни оценки дека некој се вмешал во случајот и т.н. Дури, мислам дека господинот Владо Бучковски можеше да направи грешка не 50%, да направи 100% грешка до колку посочеше некој од пратениците и за да не се експлоатира во негативна конотација или за посочување на некои пратеници дека се вмешани во истиот случај, добро е да побараме како Парламент информација од Репбуличкиот судски совет за што всушност се работи. Мислам дека Парламентот заслужува да биде информиран, бидејки тоа е еден редок случај каде што имаме вмешаност на судија, па Репбуличкиот судски совет, па земање на предметот, па заклучување, па после 15 дена враќање на предметот - мислам дека треба да бидеме информирани, до колку тоа е согласно Уставот и законите. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Контра реплика господинот Бучковски Владо, повелете.

**Владо Бучковски:** Благодарам претседателе.

Ја поздравувам дисксуијата на пратеникот Трајанов, кој во изминатиот период е еден од ретките властодршци кој говори отворено за состојбите во судството, дури и веројатно во подршка на некои тајни сценарија како ќе се средат работите во судството, отворено говореше и за предвременото пензионирање и јас тоа го ценам.

Во правец на ова што говори, една од големите маани на нашиот систем кој го реформиравме е создавањето на Судски совет кој побегна од контролата и на јавноста, но и условно речено на Парламентот. Се согласувам дека е доцна да го чекаме годишниот извештај. Единствено што можеме да направиме е да се залагаме промптно да се отвори Судскиот совет и да има транспарентност во неговата работа, да присуствуваат медиумите и да можат да пренесуваат што таму се прави, бидејки за жал ние бегајки од политичкото влијание, никој од Парламентот веќе, барем на хартија, нема такво влијание, целото влијание е во рацете на минситерот за правда.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејки не е поднесен дополнет предлог на кој може да се поднесуваат амандмани за седницата на Собранието, преминуваме на одлучување по Предлогот на законот во целина.

Прелдогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 74 пратеници. Од нив за Предлогот на законот гласаа 72 пратеника, воздржано 2, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за платите на судиите.

**Минуваме на точката 22 - Предлог на закон за дополнување на Законот за финансирање на политичките партии по скратена постапка (второ и трето читање).**

Извештаите на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците како матично работно тело и на Законодавно правната комисија на Собранието на Република Македонија ви се доставени.

Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците како матично работно тело и на Законодавно правната комисија не поднесоа дополнет Предлог на закон, бидејки на нивните седници не беа усовени амандмани, што е услов за подготвување на дополнет Предлог на закон.

Ги повикувам претставниците на пратеничките групи, до колку сакаат да го изнесат мислењето на пратеничката група по Предлогот на законот, да се пријават за збор.

Во името на пратеничката група на СДСМ за збор е приајвена госпоѓа Шеќеринска Радмила.

Има збор госпоѓа Шеќеринска Радмила, повелете.

**Радмила Шеќеринска:** Благодарам господине претседател.

Денес пред нас е Закон за изменување на Законот за финансирање на политички партии, нормално по скратена постапка, и законот наводно се усогласува со ситемот на бруто плати кој што Владата го најавува во последниот месец и треба да почне да функционира од 1 јануари следната година. Меѓутоа, како по правило брзањето на

Владата, односно доцнењето со овој реформски пакет значи дека Владата речиси на секој чекор прави серија на технички, а богами и серија на суштински грешки. Јас ќе започнам со тоа што ќе ги коментирам прво техничките грешки, што сметам дека се навистина неприфатливи. Тоа го спомена и пратеничката Бендевска, а потоа и пратеникот Макрадули и јас морам да го повторам.

Не може Владата прво на сите останати да им бара да се усогласат со новата терминологија, а таа во законите кои што ни ги предлага таа терминологија да не ја почитува. Имено, министерот Славески 100 пати ни повтори дека веќе во законите не треба да правиме разлика, односно не треба да го користиме поимот бруто и нето плата, туку дека во сите закони, во нашите настапи, во пишувањето на медиумите треба да го користиме зборот "плата", а согласно Законот се знае што значи тоа. Владата како и во сите други ситуации до сега, и во оваа техничка прилика, покажува дека едно зборува, а сосема друго прави и истиот оној кој тврдеше дека мора да се усогласиме терминолошки прави хаос во главите не само на пратениците кои треба да го гласаат законот, туку и на граѓаните и на фирмите кои треба да се усогласат со овие закони.

Затоа, наспроти сите укажувања на Славески, слично како и примерот со патриотските каси, неговите колеги во Владата не го слушаат. Тој мислеше дека и Уставниот суд ќе го слуша, се покажа дека не е точно, ама и колегите негови што не го слушаат, е, тоа е навистина проблем. Сега гледаме од министри во истата Влада дека ни се предлага закон во кој што повторно не што се задржува изразот "нето плата", туку се воведува изразот "нето плата".

Мислам дека на Владата на ВМРО-ДПМНЕ и е потребна сериозна координација и дека оваа какафонија која што ја продуцираат во законите е резултат или на голема некомпетентност, што е проблем, или на намера да се создаде хаос во законите, за да потоа власта избира кој закон ќе го почитува, кој закон ќе го спроведува и кој ќе го казнува или нема да го казнува ако не е на линија на законот.

Значи, прво сметам дека од правен аспект, од аспект на се она што е кажано во Собранието, срамота е Министерството за правда да ни предлага измени на Законот кои се во директна спротивност на сето она што го говори нивниот коелга минситер за финансии. Меѓутоа, мислам дека не треба или не смееме да се задржиме само на техниката.

Имено, пред анс е еден од законите кој што беше со прст покажан како еден крупен проблем во македонската демократија од страна на сите независни експерти, ако такви дозволи Владата да останат, независни медиуми ако такви Владата одлучи да дозволи и од страна на сите европски институции и светски, кои за среќа на граѓаните на Македонија сеуште покажуваат дека не работат под диктат на Груевски и на власта.

Имено, од страна на сите овие институции и од страна на овие извештаи кажаа дека рак рана во македонските избори во 2008 година не беа само нерегуларностите кои значеа насилство, туку дека сериозен проблем за македонската демократија е тоа што партиите на власт злоупотребуваа државни пари за спроведување на своите кампањи и што не овозможија ниту минимум транспарентност на финансирањето на своите па ртиски кампањи.

Овие денови медиумите изложија на јавноста серија на корупциски или криминални скандали. Се зборуваше за набавки на струја, се зборува за тоа кој се профитирал од непотребните и неуставни набавки на патриотски сметки и се зборува дека сите овие бизниси кои немаат никаква врска со економија, имаат врска само со криминал и корупција водат во истите каси, а тоа се приватните каси на неколкумина во врвот на власта и партиските каси на ВМРО ДПМНЕ, а можеби и на нивните колициони партнери.

Крупната работа која Македонија ќе треба да ја докаже на следните избори е дека нешто променила во начинот на финансирањето на политичките партии. Наместо тоа ние добиваме од владата еден ваков типично технички и бирократски преглед во кој се менуваат три збора. Јас претпоставувам дека министерот за правда кога ќе се сретне со некои европски колеги ќе каже, да , да ги прифативме вашите сугестии, променет е начинот на финансирање, променет е законот, ама нема да им го покаже законот кој има само три члена и кој што кажува наместо исплатена, ќе се додаде и зборот нето исплатена плата. Јас го разбирам министерот за правда и тој знае дека колку и да го менува овој закон , на крај овој закон ќе остане мртва буква на хартија. Исто така знам дека сега пратениците наместо да слушаат, тие зборуваа кој каде и каков бизнис може да направи овие денови. Пратениците наместо да слушаат и да размислуваат за законите кој што ги гласаат, тие се расправаат кој во управен одбор ќе членува, па ќе ја лажат јавноста дека од еден управен одбор се повлекле, а нема да кажат дека во друг членуваат. Ќе се караат кој во судските процедури да му помогнат преку свои пратеници, преку свои судии, преку членови на судскиот совет, ама нема на крај да им падне на памет да прочитаат некои од законите кои ги гласаат со притискање на едно копче. Барем кога ги договараат бизнисите и кога ги договараат привилегиите, нека бидат малку пристојни па нека излезат од салава.

Еве што вика овој закон кој што владата одамна го заборавила, а ВМРО ДПМНЕ се труди да го претстави дека е хартија која нема значење. На пример, во законот во членот 17 стои дека политичките партии, особено овие на власта се должни јавно да го објавуваат регистарот на донации. И, мене ме интересира, ајде да ги заборавиме кампањите, ајде да го поставам интересното прашање, од кои донации се финансираат ново старите спотови не на владата, на ВМРО ДПМНЕ. Баш ме интересира каков

одговор на јавноста ќе и понуди владејачката партија која треба да биде прва во спроведувањето и борбата овој закон да не биде мртов и само на хартија. Ме интересира освен владата која гледаме дека од наши буџетски пари може да си дозволи милиони евра сума на кампањи да се даде, баш ме интересира еве прашање и до медиумите кој што ги објавуваат тие реклами, но пред се прашање до Министерството за правда кои се донаторите кои овозможуваат на ВМРО ДПМНЕ вон од избори да направи ваква скапа кампања. Или ова е прашање за кое што Министерството за правда, Обвинителството, Антикорупциската комисија и серија на органи кои што ги избравме и ги плаќаме ќе одлучи да го одмолчи.

Почитувани колеги, еве ја скицата која што владата ја понуди за реализација на препораките на Европската комисија. Овде ќе видите десетина обврски за изборната кампања и за генерално демократскиот напредок во Македонија и почитување на законите . Ќе пишува дека треба да отвориме посебни жиро сметки за кампањата, дека треба Министерството за внатрешни работи да го одржува редот на предизборните собири што апсолутно е неточно и е непознавање на Законот и серија на такви технички обврски стојат, меѓутоа нема ниту збор за една од главните критики која што дојде од Европската комисија. Тоа е како ќе се гарантира за време на изборната кампања и предизборната кампања политичките партии да имаат еднакви права во медиумите. Ниту збор не е кажано за финансирањето на политичките партии и на сечење на врските помеѓу бизнисот или криминалот како сакате и политичките партии. Бидејќи, очигледно е дека Владата на ВМРО ДПМНЕ не сака да се воведе ред во финансирањето, на нас и на јавноста ни останува само да заклучиме дека сите овие зделки бизнис, патриотски каси, набавка на струја, набавки преку ноќ без тендер кои што беа овозможени со оној таканаречен ребаланс во Собранието, се само со цел дебело и дебело да се наполнат партиските кесиња и пред изборите, а богами да им се олесни и трошењето на пари и меѓу изборите. И, бидејќи Министерството за правда одлучи ниту со збор не ја заостри регулативата по ова прашање, заклучокот кој што ќе го извлече јавноста е дека власта не само што толерира, власта стимулира криминално финансирање на политичките партии. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи не е поднесен дополнет предлог на закон на кој можеше да се поднесуваат амандмани за седницата на Собранието, преминувам на одлучување по предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 74 пратеници, од нив за предлогот на законот гласаа 59 пратеници, воздржани-10 пр атеници, против 5 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на законот за финансирање на политичките партии.

**Минуваме на точка 23 - Предлог на закон за дополнување на Законот за спречување на корупцијата, дополнет предлог - второ и трето читање**

Дополнетиот предлог на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците и законодавно правната комисија на Собранието на Република Македонија ви е доставен.

Ги повикувам преставниците на пратеничките групи доколку сакаат да го изнесат мислењето на пратеничката група по предлогот на Законот да се пријават за збор.

Бидејќи не се поднесени амандмани за седницата на Собранието, преминуваме на одлучување по предлогот на Законот во целина.

Предлогот на Законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеници, сите 67 гласаа “за”, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за дополнување на Законот за спречување на корупцијата.

**Минуваме на точка 24 - Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за државните службеници по скратена постапка, второ и трето читање.**

Извештаите на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците како матично работно тело и Законодавно правната комисија на Собранието на Република Македонија ви се доставени.

Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците како матично работно тело и законодавано правната комисија не поднесоа дополнет предлог на Законот, бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани , што е услов за изготвување на дополнет предлог на Закон.

Ги повикувам претставниците на пратеничките групи доколку сакаат да го изнесат мислењето на пратеничката група по предлогот на Законот, да се пријават за збор.

Благодарам.

Бидејќи не е поднесен дополнет предлог на Закон на кој може да се поднесуваат амандмани на седницата на Собранието, преминуваме на одлучување по Предлогот на Законот во целина.

Предлогот на Законот во целина го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 66 пратеници, сите 66 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за државните службеници.

Процедурално бара господинот Мисовски Горан, повелете.

**Горан Мисовски:** Благодарам претседателе.

Следејќи ја оваа мртва дебата за многу важни закони, уште еднаш морам процедурално во името на пратениците од НСДП да реагирам на ступидните одредби од членот 157 од Деловникот на Собранието на Република Македонија , кој што предвидува само еден претставник од пратеничката група да има право и можност да го искаже мислењето на пратеничката група. Оние пратеници кои немаат пратенички групи или се приморани да ја напуштат седницата или сопствените ставови да ги објавуваат или да ги соопштуваат на прес конференции.

Одредбите од членот 157, претседателе, се спротивни и не се во согласност со член 2 од Уставот и член 62 од Уставот на Република Македонија , како и член 2 и член 10 од Законот за пратеници. Во член 2 од Уставот на Република Македонија вели "во Република Македонија суверенитетот произлегува од граѓаните и им припаѓа на граѓаните", Член 10 став 1 од Законот за пратеници гласи:" пратеникот е должен да присуствува на седниците на Собранието на работните тела и да учествува во работата". Ова се ступидни одредби на членот 157 од Деловникот. Сакам да ве информирам претседателе, дека пратениците од НСДП поведоа постапка и иницијатива за оценување на уставноста на членот 157 од Деловникот. Сакам претседателе јавно да ве прашам дали вие Ќе ја прифатите одговорноста ако овој член од Деловникот падне на Уставниот суд или ќе постапите исто како што постапи министерот за финансии кој што рече дека нема поим што тоа се случува со фискалните каси и ВМРО ДПМНЕ излезе со соопштение и за тоа што се случи на Уставниот суд го обвини Бранко Црвенковски. Еве јавно ве прашувам дали вие истото тоа ќе го направите. Исто така, сакам да ви порачам претседателе, ако навистина претендирате да бидете сериозен кандидат на ВМРО ДПМНЕ за претседател на државата, имајте храброст и доблест, немојте на владата да ги прифаќате законите во скратена и во итна постапка. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Во однос на вашата процедурална забелешка, како што и самите кажавте дека имате поднесено иницијатива пред Уставен суд, тоа е ваше право, никој не ви го оспорува тоа право, но додека не се произнесе уставен суд, таа одредба е во важност и треба да ја применуваме. Дали мене или на вас ви се допаѓа таа одредба, сепак ние сме обврзани да ја применуваме таа одредба. До моментот додека не се произнесе Уставниот суд, онака како што ќе се произнесе, така ние ќе ја почитуваме таа одлука на Уставниот суд.

Инаку, господине Мисовски Горан, вие точно е тоа дека не сте членови на пратеничка група, но не секој пратеник ако е член на одредена пратеничка група има одредени права и обврски,а тие што не се членови на таа пратеничка група имаат исто така одредени права и обврски, вклучувајќи го и ова право, на пример, за да може да дискутира по одреден закон кој што го кажува самиот деловник, членувањето во пратеничката група. Но, затоа пак имате право вие кога сакате да давате процедурални забелешки и покрај тоа што не сте член на пратеничка група. Тоа значи деловникот прави одредени дигресии во однос на одредени пратеници дали се во пратеничка група или не се во пратеничка група. Ќе ја почекаме одлуката на Уставниот суд, па после тоа ќе ја почитуваме и јас и вие.

Продолжуваме понатаму.

**Минуваме на точка 25- Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за судска служба по скратена постапка - второ и трто читање.**

Извештаите на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците како матично работно тело и на Законодавно правната комисија на Собранието на Република Македонија ви се доставени.

Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците како матично работно тело и законодавно правната комисија не поднесоа дополнет предлог на Закон, бидејќи на нивните седници не усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнет предлог на Законот.

Ги повикувам претставниците на пратеничките групи доколку сакаат да го изнесат мислењето на пратеничката група по Предлог на законот да се пријават за збор.

Благодарам.

Бидејќи не е поднесен дополнет предлог на Закон на кој може да се поднесуваат амандмани на седницата на Собранието преминуваме на одлучување по Предлогот на Законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Благодарам.

Вкупно гласаа 61 пратеник. Од нив за предлогот на Законот гласаа сите 61 пратеник. Од гласањето не се воздржа никој, против не гласаше никој.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за судска служба.

**Минуваме на точката 26 - Предлог на Закон за изменување на Законот за малолетничка правда по скратена постапка - второ и трето читање**

Извештаите на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците како матично работно тело и на Законодавно правната комисија на Собранието на Република Македонија ви се доставени.

Комисијата за политижки систем и односи меѓу зедниците како матично работно тело и Законодавно правната комисија не поднесоа дополнет Предлог на Закон, бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнет предлог на Закон.

Ги повикувам претставниците на пратеничките групи доколку сакаат да го изнесат мислењето на пратеничката група по предлогот на Закон да се пријават за збор.

Благодарам.

Во име на пратеничката група на СДСМ за збор е пријавена госпоѓа Славица Грковска Лошкова.

Има збор госпоѓа Славица Грковска Лошкова, повелете.

**Славица Грковска Лошкова:** Благодарам претседателе.

И покрај тоа што станува збор за само еден член во Предлог законот за изменување на Законот за малолетничка правда, тој член предизвикува сериозни импликации по Република Македонија. Сега ќе објаснам зошто. Повторно станува збор за предлог за одложување на примената на Законот за малолетничка правда за половина година, што е крајно несериозно од страна на владеачката гарнитура. Ако и Владата напишала дека станува збор за исклучително важен закон за кој ние како пратеничка група при неговото носење дававме поддршка заради тоа што со тој закон се регулира потребата за успешна превентивна активност на сите надлежни субјекти во вкупната грижа за заштита, воспитување, превоспитување и правилен развој на една специфична категорија на млади луѓе во услови кога насилството меѓу младите во Република Македонија е значително зголемено, крајно е несериозно однесувањето на владеачкото мнозинство ...

**Трајко Вељаноски:** Колеги, ве молам, да ја сослушаме колешката.

**Славица Грковска Лошкова:** Наместо да се посвети, да се фокусира на активности за што побрзо започнување на реализацијата на овој закон, по втор пат се соочуваме со предлог за негово одложување во Собранието на Република Македонија.

Се надевам дека пак нема да слушнеме изговор дека Собранието, дека пратениците се виновни зошто не почнала имплементацијата и на овој закон. Имено, една од најголемите забелешки во Извештајот на Европската комисија беше од една страна брзоплетото носење на закони при што таквата постапка се одразува на квалитетот на законите, а од друга страна дека дури и таквите закони кои се донесени имаат слаба имплементација и тоа е една од сериозните забелешки кои Република Македонија треба да ја исправи во наредниот извештај на Европската комисија.

Ова е закон кој е спомнат во Извештајот на Европската комисија како еден од законите за кој имплементацијата сеуште не започнала, се очекува Република Македонија да го исправи тој впечаток. Меѓутоа, за жал, денеска се соочуваме со барање примената на овој закон повторно да се одложи за половина година. Навистина изненадува како Владата на Република Македонија која 24 часа седум дена во неделата не убедува дека работи и за тоа потроши огромни средства од Буџетот на Република Македонија односно од граѓаните на Република Македонија да се рекламира во медиумите дека е целосно фокусирана на нејзините обврски, наеднаш не информира во овој закон дека не ги создала условите за ефектно влегување на законот во сила и дека повторно мора да ја одложи неговата примена.

Јас се прашувам тогаш зошто Владата троши за рекламни кампањи кои не се вистините. Зошто ги лаже граѓаните на Република Македонија дека работи 24 часа седум дена во неделата кога не може да реализира еден ваков закон ко е од исклучително значење за Република Македонија. Или, се разбира, тоа е само еден од модалитетите за трошење на буџетските средства на граѓаните на Република Македонија за рекламирање на Владата колку е таа “успешна”, колку транспарентно работи, колку е фокусирана на сите реформи кои Република Македонија треба да ја доближат до европското законодавство, а од друга страна се соочуваме со реална ситуација дека Владата е неспособна да ги имплементира законите кои ова Собрание ги донесува.

Ова е еден од тие закони кои се доказ за неуспешноста на оваа Влада. Се разбира дека и ова ќе биде нотирано во Извештајот на Европската комисија, се разбира дека нема да помогне тоа што министрите задолжени за евро интеграции и надворешна политика безуспешно ќе се обидат да најдат аргументи со кои ќе најдат оправдување за некои вакви тези во Извештајот, ќе бидат залудни обвинувањата што оваа Влада ги праќа на адреса на амбасадорот Фуере кој ја дава реалната слика за состојбите на Република Македонија заради тоа што ако Владата мисли дека со рекламните кампањи може да го залаже дел од македонското граѓанство, тогаш сигурно не може да ги залажи меѓународните институции кои имаат обврска да мониторираат во Република Македонија и да и помагаат да се доближи до европските институции.

Затоа, како пратеничка група, сериозно се спротивставуваме на ваквиот несериозен однос на Владата и ја повикуваме, доколку веќе троши пари од граѓаните да ги убеди дека работат 24 часа седум дена во неделата, тогаш тоа навистина да го прават и да не доцнат со имплементација на сериозни закони кои можат да придонесат за подобрување на состојбата во Република Македонија.

Затоа како пратеничка група сме против ваквото пролонгирање на имплементацијата на законот за малолетничка правда заради тоа што сметаме дека аргументите кои се наведени тука не се сериозни и не држат за да има доволно оправдување за ваквото пролонгирање. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи не е поднесен дополнет предлог на закон на кој можат да се поднесуваат амандмани за седницата на Собранието, преминуваме на одлучување по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници, од нив за Предлогот на законот гласаа 57 пратеници, воздржан нема, против 7 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за малолетничка правда.

Додека дојде претставникот на Владата за точката 27, предлагам да ја разгледаме точката 28.

Ве повикувам да гласаме за предлогот.

Вкупно гласаа 61 пратеник, сите 61 гласаа за предлогот, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека е прифатен предлогот.

**Минуваме на точка 28 - Барање за давање автентично толкување на член 54 став 5 од Законот за локалната самоуправа, поднесено од Советот на општина Карпош.**

Барањето за давање автентично толкување и Извештајот на Законодавно-правната комисија ви се доставени.

Отворам претрес.

Ги повикувам пратениците кои сакаат да говорат по барањето за давање автентично толкување да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот е завршен и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија констатира дека Барањето за давање автентично толкување на член 54 став 5 од Законот за локалната самоуправа, поднесено од Советот на општина Карпош, не е оправдано и нема потреба од автентично толкување на овој член од Законот, од причините содржани во Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2. Овој заклучок, заедно со Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до Советот на општина Карпош.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 58 пратеници, од нив за предложениот заклучок гласаа сите 58 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против не гласаше никој.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Пак дојдовме на точката 27

Сега ми јавија од службите дека за минута, две ќе пристигне министерот или заменикот министер за здравство, па ве молам да почекаме, после ќе ја завршиме целата седница со тоа.

Продолжуваме со работа.

**Минуваме на точка 27 - Предлог на закон за мирување и отпишување на обврски по основ на придонеси за задолжително здравствено осигурување, по скратена постапка - второ и трето читање.**

Извештаите на Комисијата за здравство како матично работно тело и на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија ви се доставени.

Комисијата за здравство како матично работно тело и Законодавно-правната комисија не поднесоа дополнет предлог на закон, бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување дополнет предлог на закон.

Ги повикувам претставниците на пратеничките групи доколку сакаат да го изнесат мислењето на пратеничката група по Предлогот на законот, да се пријават за збор.

Благодарам.

Во име на пратеничката група на СДСМ за збор се јави госпоѓа Станка Анастасова.

Има збор госпоѓа Станка Анастасова, повелете.

**Станка Анастасова:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер за здравство.

Во Предлогот на законот за мирување и отпишување на обврските по основ на придонеси за задолжително здравствено осигурување Владата предлага сите заостанати обврски претпријатијата по основ на здравствено осигурување заедно со каматите доспеани до 31.12.2008 година да се стават во мирување во следните 4 години односно до 31.12.2012 година и во тој период нема да се пресметува камата.

Доколку во овој четиригодишен период фирмите и осигурениците редовно ги плаќаат тековните обврски заостанатите обврски кои се ставени во мирување ќе се отпишат во целост по истек на овој период.

Ова е една од десетте мерки на Владата за помош во македонското стопанство поради кризата во светската економија.

Ставот на СДСМ е дека оваа мерка воопшто нема да има ефект во ублажување на последиците од економската криза во реалниот сектор. Еве зошто.

Светската економска криза е сега и ќе продолжи во 2009 година, а според предлогот долгот на фирмите ќе им биде избришан дури после 4 години. Знаеме дека граѓаните не можат да ги користат здравствените услуги наназад 4 години, зошто Владата досега не се запраша како се лекуваат работниците и членовите на нивните семејства вработени во оние фирми чии работодавачи не ги подмирувале обврските за здравствено осигурување. Нивното досегашно лекување беше на товар на самите осигуреници доколку можат да платат за приватен преглед или на товар на матичните лекари од хумани причини.

Сите претпријатија кои досега не ги плаќаа редовно обврските за здравствено осигурување не добиваа сини картони на своите вработени и затоа оваа мерка не значи ништо друго освен осмислен начин на власта во иднина да ги

натераат да плаќаат здравствено осигурување токму оние неплаќачи кои досега ја избегнуваа оваа јавна давачка.

Мерката е апсолутно дискриминирачка и неуставна, а исто така и дестимулирачка за оние фирми кои досега редовно си ги плаќаа обврските односно редовно си ги плаќале придонесите за здравствено осигурување за своите вработени.

Во образложението за оваа мерка Владата вели дека мерката ќе важи само за фирмите кои ги погодила економската криза. Прашувам кој е објективниот механизам за докажување кои фирми се погодени од кризата, а кои не се.

Другиот дел што се однесува на отпис на каматите на достојаните обврски по основ на придонесите за здравствено осигурување и досега кога се плаќаше со задоцнување не се пресметуваат камати.

На крајот да заклучам СДСМ смета дека оваа мерка на Владата воопшто нема да му помогне на македонското стопанство во услови на кризата во реалната економија. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

За реплика се јави господинот Стојан Андов, повелете.

**Стојан Андов:** Благодарам господине претседателе.

Сакам да и обрнам внимание на госпоѓа Анастасова, точно е ова што таа го зборува дека нема да помогне оваа мерка бидејќи се однесува на оние фирми кои во нормални услови не можеле да ги вршат овие плаќања, а сега се во тешки услови и се бара сега да почнат да ги вршат тие плаќања, во одреден рок итн.

Сакам да и обрнам внимание дека пропушти да укаже дека Владата е должна, како многу Влади што направија, особено во земјите од транзиција, да подготви посебна програма како ќе ги намали давачките на средните и малите претпријатија за да можат да се соочат со екоомски тешкотии кои се сега неизбежни и ќе дојдат. Во трговијата веќе е видливо. Околу 20% од прометот е опаднат, дури и кај супермаркетите, а кај малите фирми, семејни фирми уште поеќе.

Исто така порачките се опаднати за 60% кај текстилните фабрики, кои се воглавно средни или мали фирми. Треба да се види на кој начин ќе ги растовариме од тоа што до сега им било товар на тие да се одржат, да можат да го пребродат овој период за да можат понатаму редовно да си ги плаќаат давачките што треба да ги плаќаат и тоа не само здравствениот придонес, туку и персоналниот доход. Сите оние казни кои сега им се товарат, на пример за 50 или 100 денари таксена марка за царинска пријава ако паднала, и се одлепила, пријавата не само што не се усвојува, туку и се казнува фирмата со 300 евра. Да престанат да се малтретираат фирмите со такви работи, да се исцрпуваат. На тој начин ќе може на некој начин да им се помогне на тие луѓе, инаку ќе имаме многу невработени луѓе. Ќе ни пропаднат многу од тие фирми.

Тоа госпоѓа Анастасовска сакав да ви обрнам внимание, дека не станува збор овде само дали ќе помогнеме на тие што не биле способни, туку ќе се соочиме со потребата да им се помогне и на оние кои биле способни да ги плаќаат тие придонеси. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Бидејќи не е поднесен дополнет предлог на закон на кој може да се поднесуваат амандмани за седницата на Собранието преминуваме на одлучување по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

За предлогот на законот гласале 64 пратеници, од нив за Предлогот на законот гласаа 57 пратеници, воздржани 7 пратеници и против нема ниту еден.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за мирување и отпишување на обврски по основа на придонеси за задолжително здравствено осигурување.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен констатирам дека 33-та седница на Собрането на Република Македонија е завршена.

За среда има закажана нова седница.

(Седницата заврши во 14,17 часот).